„СКОПЈЕ 2014“ – КУЛТУРНО-ПОЛИТИЧКИ ЗЕМЈОТРЕС

## 1. Увод

Проектот „Скопје 2014“ е исклучително штетен не само за градот Скопје туку и за цела Република Македонија. Штетен е по многу основи, но во оваа пригода ќе се задржиме на неговите најдеструктивни аспекти: политичкиот, демократскиот, културно-идентитетскиот, правниот и меѓунационалниот. Економската штетност на проектот овојпат ќе ја прескокнеме, заедно со евентуалниот криминал направен при извлекувањето на неколку стотици милиони евра од џебовите на граѓаните.

Се разбира, сите аспекти за кои зборуваме меѓусебно се преплетуваат, но акумулацијата на штетите далеку го надминува нивниот прост збир. Затоа ќе треба многу ум, но и многу политичка и експертска решителност еден ден барем да се ублажат во моментов речиси несогледливите штети од овој исклучително деструктивен и неодговорен проект.

Проблемот со целокупната културно-политичка рамка на „Скопје 2014“ е што тој не ја оштетува само нашата физичка стварност, туку ги урива вредносните системи во културата, ги суспендира уставноста и правната држава, ја злоупотребува историја и ги поместува темелните камења на националниот идентитет. Штетноста на овој проект произлегува и од неговата моќ да го дефокусира вниманието на јавноста од неговите деструктивни средства и цели кон површинската појавност на една измамничка архитектонска и скулптурална претстава.

Тврдиме дека „Скопје 2014“ не произлегува од подлабокото разбирање на културата и нацијата, ниту од професионалната уметничка или архитектонска мисла и практика. Тој проект треба да се разгледува како политичко-пропаганден манифест на партијата на власт, како демонстрација на самовластие на еден човек кој ги донесува сите урбанистички, архитектонски и споменички одлуки. Ова самовластие се реализира низ инфраструктурата на државните органи, со јавни средства, а се изведува како вид културен инженеринг кој сака да го промени идентитетот на нацијата и граѓаните да ги држи во потчинетост со помош на еден помпезен и мегаломански (а всушност, брутално простачки) национализам.

Голем проблем на „Скопје 2014“ е што е донесен и изведен по сосема недемократски пат, со кршење, заобиколување и насилно преправање на процедурите. Се’ до крајот на 2009 година проектот беше таен. Сметаме дека е наполно недемократски да се направи радикална промена на најстрогиот центар на главниот град, а притоа да се избегне мислењето на граѓаните и на општата јавност; сметаме дека е сосема неприфатливо да се игнорира или деструира мислењето на најнепосредно засегнатите, граѓаните што живеат во центарот на градот, стручната и заинтересираната

јавност, но и мислењето на сите скопјани и на сите граѓани на земјата.

## 2. За безаконието

Сите споменици од „Скопје 2014“ Владата и општината Центар ги реализираат со дерогирање на уставните надлежности на Собранието на Република Македонија кое единствено има право да подига споменици од државно значење. Извршната власт отворено и самоволно ги узурпира оригинерните надлежности на Собранието на РМ кои велат дека Собранието е надлежно не само да подига споменици, туку за секој споменик мора да одлучува поединечно и тоа со „бадинтерово мнозинство“. Наместо зад секој споменик да стои собраниска одлука со сила на закон, Владата и општина Центар ги градат спомениците со опскурна општинска листа донесена од ненадлежен општински орган. Ова, меѓу другото, е и најсериозно кршење на суштинските вредности на демократијата, т.е. непочитување на поделените сфери на законодавната, извршната и судската власт.

Освен тоа, не се прифатливи со силеџиски и некомпетентен политички диктат донесените измени и дополнувања на урбанистичките планови за центарот на престолнината. Насилнички донесени, со заобиколување на струката и јавноста, тие не само што го нарушуваат уставниот поредок, туку го дехармонизираат и дехуманизираат градскиот простор. Фанатична и криминална е решителноста на Владата да ги погази уставот, законите, стандардите, да ги фалсификува процедурите, конкурсите, мислењата и согласностите, да ги инструментализира и потчини сите одговорни институции, јавно да ја корумпира Македонската православна црква, да гази по правата на граѓаните и чувствата на етничките заедници. За да го спроведе незаконскиот проект „Скопје2014“ Груевски ги наведе на антиуставен криминал Владата, градот Скопје, општината Центар, државните инспекторати, јавното обвинителство, практично сите извршни органи на централната и локалната власт, потоа Собранието на РМ, судската власт и, на крајот, Уставниот суд. Овие институции на системот се самопоништија, од аспект на нивната уставна улога, учествувајќи во реализацијата на „Скопје 2014“, било тоа да е со активно кршење на законите и Уставот, било да е тоа со недејствување и молк.

## 3. За архитектурата, уметноста и кичот

„Скопје 2014“ претставува своевидна професионална архитектонска катастрофа која ги девастира вредносните системи и професионалните премиси на архитектонското знаење и умеење. Практиката во која државата ги корумпира и присилува архитектите да проектираат фасадни лушпи во непостоечки историски стилови е без преседан во слободните демократски општества. Форсирањето лажен барок или неокласицизам претставува

силување на професијата и злостор против културата, архитектурата и градскиот простор.

Со „Скопје 2014“ е уништена најчувствителната област на архитектонската уметност: обликовниот јазик, стилот, изразните средства и композициските елементите на архитектонскиот исказ. Смислата на архитектурата е под удар зашто архитектонскиот јазик е секогаш синтеза на дамарите на епохата и го легитимира културно-цивилизациското ниво и посебноста на општеството или државата.

„Скопје 2014“ ја оштети, избрука и обесмисли архитектонската струка прегазувајќи ги законите кои градскиот простор и архитектонската професијата ги штитат од разорните упади на политички ловци во матно.

Повеќето апсолутистички режими од 20-иот век се повикувале на ваков вид архитектонски кулиси - тешки, монотони, големи и скапи, за да ја симболизираат својата вечна моќ и слава. Градбата на бесмислени колонади, кои ќе прават граѓанинот да се почувствува поданик, е проверена техника со која тоталитарните системи го активираат рефлексот на потчинување кај населението. Истата симболична порака и истата архитектура ја применувале и Хитлер, Чаушеску, Садам и други диктатори, зашто псевдокласицизмот и грандиозниот кич се измислени како изразно средство и пропагандна алатка на апсолутизмот и тоталитаризмот.

Зашто сметаме дека повеќето објекти и споменици од проектот „Скопје 2014“ се грандиозен кич? Еве ги карактеристиките на кичот: врзаност за историски застарено формално изразување; глобална неадекватност на формата во однос на материјалот (на пример, однос на употребните предмети и нивната функција); епигонство, еклектицизам, користење на клишеи, форсирање на впечаток на „убавина“ со помош на натрупување (со исклучување на се’ што се доживува како пречка за „убавината“, истакната во прв план); ориентација кон просечност и кон лесно уживање, лишено од дистанца; спекулирање со чувствата кои од стојалиште на емфатичкото разбирање на естетската автентичност подложат на критика.

Проектот „Скопје 2014“, накусо речено, од естетски агол е: евтин, површен, грд, груб, кичерски, накараден, недоличен, брутален, лажен и измамнички. Повеќето објекти во „Скопје 2014“, и покрај стотиците милиони фрлени евра, изгледаат „сувенирски“, како кулиси и фасади. Тие се грди, груби, површни и кичерски зашто потекнуваат од ниски побуди, од политикантската желба за широка допадливост и општо прифаќање. Тие уште еднаш ја потврдуваат наједноставната дефиниција на кичот: спој меѓу високи начела и ниски побуди.

Крајниот ефект на проектите на сегашниот македонски режим е лагата, т.е. измамата. Тие служат за популистички политички маневри или како

Потемкинови села во едно разбирање на политиката како деструкција и омраза, а на јавните работи како пропаганда и дресура. Тие проекти не потекнуваат од културното милје, тие не поседуваат ни минимум уметничка суптилност и немаат подлабоко разбирање на работите поврзани со општеството, историјата и јавните прашања. Намерата на „културните“ проекти на власта токму е измамата: инстантно да се промени идентитетот на нацијата, набрзина да се наштанцаат стотици скулптури, десетици „барокни“ и „класицистички“ згради за да се пополнат „идентитетските дупки“.

**4. За антиквизацијата, модернизмот и идентитетот**

Заднината на „Скопје 2014“ и негов суштински елемент е - антиквизацијата. Антиквизацијата,  како идеја и термин, а подоцна и како идеологија за еден масовен културен инженеринг, кај нас се појави по самитот на НАТО во Букурешт 2008 година. Антиквизацијата беше „планот Б“, кој Владата го промовира како контраудар по грчкото вето за прием на Македонија во НАТО. Антиквизацијата започна со менување на имињата на аеродромот Петровец, на Градскиот стадион во Скопје и на автопатотот што води кон Грција. „Хеленизацијата“ на дотогашното разбирање на македонска култура земаше замав со античките сценографии и костимографии на културни настани под покровителство на државата, а продолжи со подигањето споменици на Филип и Александар во сите поголеми градови во Македонија.

Круна на антиквизацијата е планот „Скопје 2014“. Претставен како идеја за разубавување на центарот на престолнината, „Скопје 2014“ всушност претставува  моќна алатка во демонтажата на македонскиот идентитет. Затоа врз симболички најцентралниот простор во главниот град беше изграден споменикот „Воин на коњ“ кој  тежнее да го покаже античко-македонското потекло на современите Македонци.

Антиквизацијата можеби немаше да биде толку озлогласена да не беше проследена со уништување на македонското модерно наследство. А уништувајќи го нашето модерно наследство низ опасниот културно-политички ревизионизам режимот на Груевски го прави истото што соседните пропаганди го прават со децении, тврдејќи дека македонизмот е вештачка творба, коминтерновска измислица, комунистички заговор.

Ако погледнеме против што е насочена градителската активност на режимот, станува очигледно дека со новите колонади се покриваат, преправаат и уништуваат градбите во центарот на Скопје создавани во изминатите шеесетина години, главно во стиловите на интернационалното модерно движење. Уништувањето или деградирањето на тие градби е државен криминал без преседан во демократскиот свет. Непобитен факт е

дека Република Македонија е изградена во 20 век низ антифашистичка борба и дека современиот национален идентитет во најголема мера произлегува токму од модернизмот и од антифашизмот. Тој непобитен факт режимот се обидува да го анулира со антиквизаторска митоманија.

Целокупниот концепт на антиквизација, значи, не е само анти-модерен (реакционерен, ултраназаден), туку е и антимакедонски. Антиквизацијата всушност ги потврдува децениските предрасуди и пропаганди од соседните земји и ја прифаќа здраво за готово тезата дека модерните Македонци се „вештачки“, а дека „вистинските“ Македонци се „антички“. Средишната лажна теза на антквизаторите е дека борбата за македонското име е изгубена ако современите Македонци се откажат од античкото наследство. Со ваквите тези како своја идеолошка основа измамничката преродба не само што го шашардисува народот и прави хаос во неговите себесогледувања, туку и опасно го разнишува угледот на земјата во регионот и пошироко. Врз ваквите сосема произволни тези е изграден целокупниот агитпроповски проект на антиквизацијата, проект што режимот безмилосно го спроведува и материјализира низ еден насилнички и во совремието ретко виден културен инженеринг.

Треба да се обрне внимание и на друг деструктивен аспект на „Скопје 2014“: теророт на етнификацијата. Целиот проект е нагласено националистички и го прославува „новооткриениот идентитет“ на мнозинската нација. Тој „нов идентитет“ не само што е фалсификуван, туку е и длабоко непријателски кон досегашното разбирање на Скопје како мултиетнички и мултикултурен град. Згора на се’, со оваа брутална етнификација се уништува досегашната продуктивна аура на Скопје како град на солидарноста, модерен, интернационален и отворен град спремен за предизвиците на 21 век. Со „Скопје 2014“ досегашната отвореност на Скопје треба да се нацификува. Модерниот и интернационален град треба да се претвори во антички и во етнички.

## 5. Заклучок

За деструктивноста на „Скопје 2014“ очекуваме конечно да проговорат и некои засегнати институции и поединци. Сакаме да потсетиме дека повеќето македонски институции се втемелени во модернистичката парадигма и својата смисла ја наоѓаа во одбрана на модерниот македонски идентитет и држава. Денес, кога модерна Македонија се парчосува под нозете на Букефал, голем дел од тие институции молчат. Притоа, наголемо се фалсификува и уништува не само непроценливото културно наследство на Македонија, туку и политички до непрепознавање се разнебитува целокупната општествена динамика од изминатите седумдесет-осумдесет години.

Злото што досега го направи фараонскиот проект „Скопје 2014“ е огромно. Тоа зло не запира. На удар не се само репрезентативните објекти на македонскиот архитектонски модернизам и реалните и автентичните артефакти од нашето постаро културно наследство, туку целото себеразбирање на неколку генерации Македонци. Време е опозицијата и целокупниот граѓански сектор да застанат пред опустошувањето на градот и државата. Ние сме одговорни, и пред сегашноста и пред иднината, а обврзани со минатото, многу јасно да соопштиме што ќе правиме со безумието наречено „Скопје 2014“ и на кој начин ќе се спасува автентичното наследство на градот и симболичките темели на македонската државност.

Затоа, од најголема важност за иднината на Македонија е СДСМ, целокупната опозиција и сиот граѓански сектор да ги разберат долгорочните негативни последици што ги остава проектот „Скопје 2014“. СДСМ мора да заземе цврст и аргументиран став за сопирање на опустошувањето на градот, државата и општеството. СДСМ мора да изгради јасен став што ќе се прави со „Скопје 2014“ и на кој начин ќе ги надомести досегашните штети.

За да почне санацијата на девастираното централно градско подрачје прв услов е да се сруши недемократскиот режим. Дури по заминувањето на сегашната власт ќе можеме да се вратиме кон суштинските цели на културно-политичкиот развој на градот Скопје и на македонското општество. Некои од тие цели се: разбирањето и градењето на Скопје како отворен и модерен град, а не како етно парк и националистичка некропола на кичот; разбирањето и градењето на култура која е вклучувачка и ориентирана кон граѓаните и нивните потреби, а не кон застрашувачките и мртвите споменици кои имаат функција да одржуваат владетели со фараонски пориви.

По заминувањето на груевизмот, ќе бидат потребни огромни напори, од поединци и институции, за да се намалат штетните последици од руинирањето на централното градско подрачје на Скопје. За справување со последиците на урбанистичкото и политичкото дивеење ќе треба да се користат комбинирани методи: рушење, дислокација, пренамена, продажба. Откако, значи, самите ќе ја расчистиме целата културно-политичка дивоградба „Скопје 2014“, ќе распишеме меѓународен конкурс и ќе консултираме врвни светски архитекти, се’ со цел да се одговори на клучното прашање: како да се ревитализира централното градско подрачје по неговата девастација.

Република Македонија во моментов се гради накриво. Тоа мора да се исправи или да се сруши. Сакаме да веруваме дека и СДСМ и сите слободни граѓани во нашата земја ќе имаат сила да ги возобноват и градот и државата, по крајот на владеењето на опустошувачкиот режим на Груевски, исто онака како што нашите мајки, баби, татковци и дедовци, со

голема помош од страна, го возобновија Скопје по земјотресот од 1963 година. Но, убедени сме дека главниот предизвик и за нашиот главен град и за нашата држава се визиите за утрешнината и идните градби, како оние симболичките, културните, така и материјалните градби кои ќе симболизираат една отворена, современа и европска Република Македонија.